# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
# ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

Ул.„7-ми Септември“ бр.4 тел/факс:045 274 810 e-mail: mak_brod@yahoo.com
www.mbrod.gov.mk

# ***СЛУЖБЕН ГЛАСНИК***

| | |
|---|---|
| **Службен гласник** | **09.02.2018 година** |
| **Општина Македонски Брод** | **Македонски Брод** |
| **Излегува по потреба** | **Број 2 – 2018 год.** |

Февруари 2018

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 21 став 1 од Статутот на општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/2003......4/17-пречистен текст), Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 08 февруари 2018 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За усвојување на И Н Ф О Р М А Ц И Ј А на градоначалникот на Општина Македонски Брод за текот на активностите поврзани со елементарна непогода-ПОПЛАВА случена на 03.02.2018 година**

**1.** Советот на Општина Македонски Брод, ја усвои И Н Ф О Р М А Ц И Ј А на градоначалникот на Општина Македонски Брод за текот на активностите поврзани со елементарна непогода-ПОПЛАВА случена на 03.02.2018 година и мерките кои произлегоа од седницата одржана на ден 08.02.2018 година.

**2.** Овој Заклучок влегува во сила на денот на донесување а ќе се објави во Службен гласник на општина Македонски Брод.

.

**Број 18- 214/3** **Совет на општина Македонски Брод**

**08.02.2018 година** **П р е т с е д а т е л,**

**Македонски Брод** **Драган Цветаноски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен.весник на РМ” бр.05/02) и член 21 од Статутот на општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод” бр.2/03), Советот на општина Македонски Брод на вонредна седница одржана на ден 08.02.2018 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за овластување и задолжување на Градоначалникот на општина Македонски Брод за превземање на итни мерки за отстранување на штети од природни непогоди**

Член 1

Согласно оваа одлука Советот на општина Македонски Брод го овластува и задолжува Градоначалникот на општина Македонски Брод да преземе итни и неодложни мерки за отстранување на штети од природните непогоди што ја погодија општина Македонски Брод, предвидени и усвоени со Информацијата за настанатите штети од елементарната непогода-поплава.

Член 2

Се овластува Градоначалникот на општина Македонски Брод да донесе одлука за јавна набавка со постапка со преговарање без претходно објавување на оглас.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Македонски Брод”.

**Бр.18-214/4**
**08.02.2018 година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Драган Цветаноски с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр.5/02 ) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ 2/03,1/06,1/11,11/14 , 1/15 и 4/17 –пречистен текст ), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесе

# З А К Л У Ч О К

**За објавување на Одлука за овластување и задолжување на Градоначалникот на општина Македонски Брод за превземање на итни мерки за отстранување на штети од природни непогоди**

Се објавува Одлуката за овластување и задолжување на Градоначалникот на општина Македонски Брод за превземање на итни мерки за отстранување на штети од природни непогоди, што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на Вонредна седница одржана на ден 08.02.2018 година.

**Бр. 08 -214/5**

**09.02.2018 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Живко Силјаноски с.р.**

**Службен гласник број 2 од 09.02.2018 година на Совет на општина Македонски Брод**

## С О Д Р Ж И Н А


Заклучок за усвојување на Информција на градоначалникот на Општина Македонски Брод за текот на активностите поврзани со елементарна непогода - Поплава случена на 03.02.2018 година ........................................................................................................................ стр. 2

Одлука за овластување и задолжување на Градоначалникот на општина Македонски Брод за превземање на итни мерки за отстранување на штети од природни непогоди ..................... стр. 3

Заклучок за објавување на Одлука за овластување и задолжување на Градоначалникот на општина Македонски Брод за превземање на итни мерки за отстранување на штети од природни непогоди ........................................................................................................................ стр. 4